Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

ЩКА-ПХВ
ККА-PVH

# Мали проекти 2018

# ВОВЕД

*Програмата Црвен крст во Акција - Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) веќе 20 години претставува национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во Црвениот крст. Оваа година програмата се имплеметираше во 26 Општински организации на Црвениот крст и беа обучени 1.036 младинци, потенцијални волонтери во организацијата, како и 36 дисеминатори кои дадоа поддршка за реализиција на програмата.*

*Младите добиваат обука за вредностите на Црвениот крст, учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество. Тие добиваат и практични знаења за тоа како да изработуваат мали проекти, а при тоа се охрабрени да ги користат сопствените капацитети за изработка на проектите, преку кои помагаат на ранливото население во местата каде што живеат.*

*Во текот на циклусот во 2018 година, младинците изработија* ***150 мали проекти****, вложија* ***26.199 волонтерски часа****, помогнаа на* ***3.183 лица****, беа собрани* ***31.028 евра*** *од заедница та, кои се вратени повторно во заедницата и беа изработени* ***22 мали проекти со сонце*** *(проекти кои предизвикале трајни промени во заедницата).*

*Имплементацијата на програмата оваа година беше овозможена од страна на Општинските органозиции на Црвен крст преку котизација, како и преку Црвен крст на Р.Македонија и Црвен крст на град Скопје.*

## ООЦК Битола - „Вера како верба во хуманост”

Младите од овој проект имаа за цел да и помогнат на повозрасна жена од село Маловишта која веќе десетина години живее сама. Преку организирање на активноста „бинго”, реализирана во Црвениот крст, обезбедени се средства со кои е купено ќумбе кое потоа младинците и го донираа. Исто така, младинците ја бојадисаа собата каде што живее бабата и ѝ обезбедија храна и средства за хигиена.

## ООЦК Битола - „Парк на хуманоста”

Целта на младинците беше да се расчисти малата депонија во населбата Нова Битола и на нејзино место да се направи паркче со зеленило, клупи и корпи за отпадоци. Во соработка со „ЈП Комуналец“ и Општина Битола, младите ја расчистиле малата депонија во населбата Нова Битола, преку донација обезбедиле и поставиле 12 елки, 2 клупи и 2 корпи за отпадоци, а во меѓувреме се грижеле и за засаденото зеленилото.

## ООЦК Битола - „Здраво тело, здрав дух”

Идејата на проектот беше обезбедување на машина за перење на алишта за трочлено семејство (самохран татко и неговите два сина) со цел подобрување на лошите услови за живот, превенција од болести и подобрување на хигиенските услови. Целта е успешно остварена преку организирање на хуманитарен натпревар во кошарка и пинг-понг.

## ООЦК Битола - „Насмевки”

Целта на проектот е анимација и интеграција на лицата со Даунов синдром во општеството. Младинците обезбедиле финансиски средства за екскурзија, поминале време заедно и веруваат дека ќе можат да придонесат во процесот на социјализација и нивното прифаќање во заедницата. Организирале креативна работилница на кои се изработувале чорапи во различни бои кои потоа ги подарувале за време на изложбата на која исто така се зборувало за правата на овие лица.

## ООЦК Битола - „Љ(убов)уба”

Во овој проект младите организираат настан street workout и баскет со 50 екипи и со тоа успеваат да ја мобилизираат цела нивна заедница за помош на една баба, социјално загрозена жена која живее во рурална средина. Преку овие активности успеваат да обезбедат 10.727 денари, средства потребни за да купат вар и поликолор, со кои сами ја обелуваат куќата, дрва, кревет и и носат пакети со храна и хигиена.

## ООЦК Битола - „Преку книги до светот на фантазија”

Овој проект резултираше со отварање на мала бибиотека во с. Логоварди за децата кое одат во тоа локално училиште. Во истото учат 40 деца на возраст од 6 до 10 години. Реализирани се низа активности низ училиштата и низ кафулињата за собирање на детски книги под слоганот “ Дојди на кафе и донеси книга” и “Подари книга-земи љубов”. Беа собрани и донирани 306 книги за деца на таа возраст во библиотеката која беше отворена од страна на ПХВ младинците.

## ООЦК Битола - „Изгасни го загадувањето”

Младите од овој проект биле многу креативни и направиле нивен изум, односно дизајнирале и направиле канти за отпушоци од цигари. Три такви канти во облик на цигара поставиле во својот град. Иститe многу се лесни за одржување и чистење. Младите биле поттикнати од несовесните граѓаните кои отпушоците ги фрлаат на сите страни и со тоа го загадуваат својот град.

## ООЦК Битола - „Да се смееме заедно”

Преку овој проект младите имаа за цел да обезбедат дел од финансиски средства за дете кое боледува од апластична анемија од Демир Хисар и му е потребна поддршка за многу скапа операција во Германија. Преку board games настан и standup comedy се собрале 13.500 денари кои се предадени на семејството за да им се олесни целоснатаситуцијата.

## ООЦК Битола - „Збирка”

Целта на овој проект е креирање на збирка за промоција на мултикултурната историја на градот, неговите знаменитости, обичаи и карактеристики. Исто така, младинците сакале да обезбедат и финансиска помош за едно шестмесечно бебе. За да ја остварат оваа цел, самите креираат збирка „Битола” која ја печатат и промовираат/продаваат на централен настан во центарот на градот. Тие исто така прават и креативна работилница за изработка на срценца на стапчиња и истите ги продаваат на централниот настан. Средствата собрани од продажбата на збирктa и изработените срциња ги наменуваат за лекување на мало 6 месечно бебе со вродена аритмија на срцето.

## ООЦК Битола- „Насмевка за Елена”

Целта на овој проект е да се помогне на една самохрана мајка и нејзиното семејство, во кое едната ќерка има потешкотии со дијабет, псоријаза и аутизам. За да ја остварат оваа своја цел, младинците организираат голем мултикултурен играорен настан во својот град. Од собраните средства (12.500 ден.) обезбедуваат терапија за 4 месеци за девојчето.

## ООЦК Битола - „Живот”

Преку реализација на овој проект младите имаа за цел да му помогнаат на деветмесечно бебе кое има вродено срцево заболување. Преку низа активности, меѓу кои и организација на „Графит фест“, успеваат да соберат околу 30.000 денари кои ги префрлаат на сметката на родителите, како поддршка на целата сума која им е потребна за операција во Бугарија.

## ООЦК Битола - „Сплотени заедно за подобро утре”

Младинците преку овој проект сакаа да го уредат дворот во „Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас“ во Битола со цел корисниците да уживаат во природата. Младите организирале техно забава, работна акција за косење трева и садење цвеќе, работилница за бојадисување на ѕидот и поставување на спортски реквизити.

## ООЦК Битола - „Искра од надеж”

Обезбедување на дел од паричните средства потребни за операција на едно момче кое боледува од апластична анемија беше целта на младинците во овој проект. Тие организирале собирна акција, апел за донација и турнир во видео игри. Собраните 8.745 денари ги уплатиле на сметката на семејството.

## ООЦК Битола-“ Чиста околина”

Обезбедување на контејнер на улица „Крсте Нале“ во населба Горно Оризари и придонес за почиста и поздрава околина во населбата беше целта на овој проект. Во целата населба, во која жиевеат околу 500 луѓе, има само еден контејнер. Во соработка со ЕКО клубот изнајдено е решение и беа доделени уште 6 помали контејнери за потребните на жителите.

## ООЦК Валандово - „Срцето на дланка”

Целта на овој проект беше да и се овозможи на соученичката на младинците кои го реализираа проектот да присуствува на завршната прослава. За да ја остварат оваа цел, тие организираат хуманитарен пијадок на неколку локации во градот, хуманитарни настани и собирни акции. На крајот на нивната реализација, тие успеале да обезбедат фустан дониран од локален креатор, фризура, шминка и маникир, а со собраните средства набавиле чевли, ташни и накит.

## ООЦК Валандово - „Извор на хуманоста”

Целта на проектот беше да се обезбедат средства и материјали за изградба на собата на еден жител од Миравци и оперемување со кревет за неговата соба, храна и облека. Младинците ја оствариле својата цел преку организирање на концерт и донации од салон „Карчев“.

## ООЦК Валандово - „Хуманоста не бара награда”

Целта на проектот беше да се обезбедат доволно финансиски средства за набавка на фрижидер, перална и храна за едно семејството од с. Калково. Успешно е реализирана целта преку изработка и продажба на украси за пролетта и организирање на две големи хуманитарни приредби преку кои се собрани потребните средства.

## ООЦК Валандово - „Симфонија”

Младите од Валандово, преку овој проект, си зацртаа за цел реновирање и уредување на дворот пред црквата „Свети Ѓорѓија“ која е многу посетена. Младите реализираа неколку активности меѓу кои и театарска претстава „Преспав“. Со собраните средства во износ од 14.750 денари, обезбедија материјали за фарбање на клупите и поставување на канти.

## ООЦК Валандово - „Хуманоста најмногу се покажува со дела, а најмалку со зборови”

Целта на овој проект беше да се обезбеди материјална помош за семејството на еден самохран татко и неговата 11 годишна ќерка. Средствата кои ги обезбедиле младинците од донации од локални маркети, кино претстава и претстава за деца во село Балинци, биле наменети за нова облека, храна, средства за лична хигиена, поправка на подот во детската соба и уредување на тоалетот.

## ООЦК Велес - „За Повесело детсво”

Целта на проектот беше подобрување на состојбата и санација на дворното место на центарот „Дневниот центар за деца и млади со посебни потреби“. Младинците преку донации од различии институции заедно со корисниците го уредиле просторот каде поминуваат време.

## ООЦК Велес - „Сплотерни раце”

Целта на проектот беше анимирање на децата со посебни потреби сместени во ПОУ”Маца Овчарова” во Велес со цел намалување на стереотипите од општеството кон лицата со посебни потреби. За таа цел се организираат 11 работилници на различни теми меѓу кои запознавање со организацијата Црвен крст, еколошки теми, како и креативни работилници по повод велигденските празници.

## ООЦК Велес - „Насмевка”

Целта на проектот беше материјална и финансиска помош на едно социјално загрозено семејство. Младинците успеале да издејствуваат вработување на

таткото во фирмата „АгроНимекс" во О. Чашка како и обезбедување на превозот до и од работното место. За децата обезбедиле училишен прибор по спроведените собирни акции. Во соработка со Здружението на пензионери успеале да набават ламинат и цемент за нивниот дом, а преку донација од пескара „Вел" обезбедиле ќерамиди за кровот на нивниот дом.

### ООЦК Велес - „Сите под исто небо"

Со цел надминување на културолошките разлики помеѓу етникумите во Велес, направен е краткометражен филм со тематска соддржина за доближување на ставовите, комуникација и разбирање помеѓу различните групи. Филмот режиран од студент на отсек режија е прикажан на голем број граѓани, а средствата од проекцијата се донирани на друг ПХВ проект.

### ООЦК Велес - „Сплотени заедно за помош на самохраните родители"

Целта на овој проект беше да се соберат донации во храна, облека и хигиенски средства за седум социјално загрозени самохрани родители. За таа цел, младинците организирале акција за собирање на донации преку кои собрале 21 пакет со хигиенски средства и прехранбени артикли, 7 пакети со храна од „Жито маркети" и 42 пакети со детска облека.

### ООЦК Велес - „За подобар живот на Јана"

Собирање на парични средства за двегодишното девојче потребни за лекување во Турција беше целта во овој проект. Младинците организирале собирни акции и организирале забава преку кои собрале 33.300 денари. Средствата се предадени на родителите на девојчето, кое за жал ја изгубило битката за својот живот.

### ООЦК Виница -„Направи добро дело и осветли нечиј темен живот"

Целта на младите во овој проект беше да се реновираат тоалетите во интернатот во с. Блатец каде што престојуваат деца со забавен развој. За да ја реализираат целта, учесниците во проектот организираат хуманитарен базар со осмомартовски изработки и хуманитарна црно-бела забава. Остатокот од потребните средства се обезбедени од страна на фирмите. Набавени се лавабоа, плочки и чешми.

### ООЦК Виница - „Изгради мост до срушените насмевки"

Целта на младите кои го реализираа овој проект беше да му се помогне на таткото на нивна соученичка, кој боледува од тумор на мозокот. За да ја остварат оваа цел младинците изготвуваат народна хумористична претстава која пора-

ди големиот интерес неколку пати ја прикажуваат во нивниот град. На овој начин успеваат да соберат 30.500 денари кои ги донираат на сметката на својот согра́ѓанин.

## ООЦК Виница - „Мала помош, голема среќа"

Целта на овој проект беше собирање на дел од потребните финансиски средства за операција на црниот дроб во Истанбул за лицето К.С. За да се соберат средствата, организиран е хуманитарен концерт и проектиран е анимиран филм. Операцијата е успешно завршена и повратена е насмевката и надежта кај целото семејство.

## ООЦК Виница - „Биди промената што сакаш да ја видиш во светот"

Целта на младите во овој проект беше да обезбедат финансиски средства со кои би помогнале за операцијата на 5 годишно момче, кое има спастична хемиплегија. Младите преку организирање на традиционалните „Тодорови трки" со хуманитарен карактер, успеале да ги соберат неопходните 19.000 денари, со кој се покрил целиот износ неопходен за реализација на операцијата во Охрид.

## ООЦК Виница - „Светлина на крајот од тунелот"

Младинците преку изработка и продажба на честитки со децата со посебни потреби и организирање на хуманитарна првоаприлска забава успеале да соберат 5 620 денари неопходни за операција на ногата на едно девојче од социјално загрозено семејство.

## ООЦК Гевгелија - „Хуманост со уметнички ноти"

Целта на проектот беше обезбедување на финансиски средства за лекување во странство на соученичката на учесниците во проектот. Младинците организираат креативна работилница за дизајнирање и изработка на влезници и постер за хуманитарниот настан; креативна работилница за изработка на пораки со хуманитарна тематика прикачени за бонбони како и голем хуманитарен настан „Хуманост со уметнички ноти". Собрани се вкупно 57.500 денари од настанот и предадени се на фамилијата на нивната соученичка.

## ООЦК Гостивар - „ Мирот започнува со насмевка"

Целта на проектот беше да се помогне на тричлено социјално загрозено семејство од Гостивар. За таа цел, младинците организираат различни креативни работилници за изработка и продажба на украси и честитки. Со собраните 39.930 денари и од донации набавуваат електричен шпорет, фрижидер, машина за перење на алишта, тостер, тросед, хигиенски производи, храна, перници, јоргани, постелнини и истите ги донираат на семејството.

## ООЦК Гостивар - „Единство”

Младинците од овој проект, согледувајќи ја слабата комуникација помеѓу учениците од различни етникуми, поставуваат за цел да организираат часови по македонски и албански јазик. Целта ја реализирале преку организирање на 16 предавање по албански и 11 предавања по македонски јазик за 20 ученици.

## ООЦК Гостивар - „Хуманоста во светот на модата”

Целта на проектот беше да се обезбедат финансиски средства за снабдување со основни апарати за домаќинство и прехрабени производи за четири члено семејство од с. Вруток. Младинците организираат хуманитарна модна ревија од материјали што се рециклираат која била посетена од над 360 посетители. Вкупно биле собрани 22. 275 денари од кои биле набавени 1 пакет средства за хигиена, 2 пакети со храна, електричен шпорет, машина за перење алишта, пегла за алишта, тостер, правосмукалка и шпорет на дрва.

## ООЦК Гостивар - „Gostivari Lexon” „Гостивар чита”

Младинците организирале културолошки настан на кој биле читани дела од книгата „Гостиварски писатели” во кој се содржани дела од автори од Гостивар (на мак., алб., тур. јазик). Исто така, биле изведувани и музички точки. Над 200 луѓе имале можност да присуствуваат на настанот и да учествуваат во промовирањето на културата на сите етникуми од заедницата во која живеат.

## ООЦК Гостивар - „ Luajme Grumbullojmë dhe ndihmojmë”- „ Играме, собираме и помагаме”

Целта на проектот беше обезбедување на табла за пишување во училиштето во село Срмново со цел да се олесни наставниот процес за 60 ученици. Младинците организирале турнир во мал фудбал со учесници од македонска, албанска и турска националност и обезбедиле доволно средства за табла, сунѓер и креди.

## ООЦК Гостивар - „Мали срца со голем хуманизам” „Zemra të vogla me humanizëm të madh”

Целта на проектот беше обезбедување на храна и хигиенски производи, принтер со бои, шпорет и машина за переше алишта за две семејства За таа цел, младинците реализирале креативна работилница за изработка на креативни материјали и маски и хуманитарен базар. Од активностите собрани биле 33.000 денари со кои беа купени потребни нешта.

## ООЦК Демир Хисар - „#СоСрцеЗаСтефан”

Преку организација на две кино проекции и хуманитарна забава, младите волонтери успеваат да соберат 43.942 денари за да му се помогне на малиот С. успешно да се излекува во Германија од апластична анемија.

## ООЦК Кавадарци - „Кога борбата за живот ќе ја засени сиромаштијата"

Целта на овој проект беше финансиски да се помогне една 28 годишна девојка која боледува од ретка болест на крвта и на нејзиното семејство. За да ја остварат оваа цел, младинците организираат голем хуманитарен настан во нивниот град. Собраните 30.200 ден од овој настан ги намениле за покривање на трошоците за операцијата на девојката во Турција. Младинците исто така преку Лајонс клубот обезбедиле сместување за мајката во Анталија за време на операцијата на својата ќерка.

## ООЦК Кавадарци – "Живот-оскудни услови за преживување"

Целта на ова група на млади беше да се помогне едно петчлено семејство од с. Ресава. Младите собрале 7.000 денари преку реализирање на музички настан на кој настапувале балетски групи. На семејството му е купено бојлер, пегла и панелна греалка бидејќи тоа го истакнале како потреба за време на проценката.

## ООЦК Кавадарци - „Помогни ваму, помогни таму"

Целта на проектот беше едукација на учениците да развиваат правилен и хуман пристап кон луѓето, природата и опкружувањето. Младинците за да ја реализираат целта спровеле 8 работилници преку кои едуцирале 180 ученици. Сите работилници биле проследени со многу вежби од кои потоа се отварале дискусии од страна на улчениците. Секоја работилница била спроведувана од страна на обучувач и ментор.

## ООЦК Кавадарци - „Helping the weak will make you strong"

Преку истражување на потребите на зедницата, младинците одлучуваат да им помогнат на едно семејството од Кавадарци преку обезбедување на ламинат и топлотен под од 28м$^2$ во нивната куќа. За да ја остварат целта, организираат театар со сенки и собирни акции преку кои собираат 16.000 денари и ги обезбедуваат материјалите за подот и пакети со храна и хигиенски средства.

## ООЦК Кавадарци - „Никогаш не е доцна да се помогне некому или да се спречи да се случи нешто лошо"

Во овој проект, младинците имале повеќе цели. Со цел да го намалат насилството во училиштата организирале едукативна работилница. За да и помогнат на 21 годишната жителка со посебни потреби од с.Ваташа, организирале хуманитарен турнир и собирна акција преку кои обезбедиле облека, обувки, решо за готвење и панел за греење. За да им помогнат на неколку семејства од руралните средини, младинците преку собирни акции им донирале облека и обувки. Реализирајќи ги целите на проектот, биле помогнати 179 лица.

## ООЦК Кавадарци - „Together we can make someone happy"

Преку организација на хуманитарна претстава „Стујардеси" младите волонтери обезбедуваат 29.355 ден со кои покриваат дел од средствата за операција во Белград на едно младо момче со церебрална парализа.

## ООЦК Кавадарци - „Пружи поддршка кога е најтешко"

Младинците преку различни хуманитарни активности успеале да обезбедат пакети со храна и хигиена за 5 члено социјално загрозено семејство. Активностите кои ги реализирале младинците биле за промоција на позитивни вредности во општеството и вклучувале серија на работилници на тема „стоп на говор на омраза", хуманитарен турнир во кошарка и музички настан.

## ООЦК Кавадарци - „Сонцето грее подеднакво за сите"

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на семејство од с. Ресава преку обезбедување функционални прозорци и купување на електричен шпорет. Младинците ја реализирале целта со организирање на мото марш предводен од 80 велосипедисти и мотоциклисти.

## ООЦК Кичево - „Ekologjia"- „Екологија"

Целта на овој проект беше снабдување со корпи за отпадоци (4 корпи) во училиштето "Дрита"/"Мирко Милевски". За таа цел се одржани поетски вечери во библиотеката Кочо Рацин од кои се собрани 2 500 ден. и со тоа се набавени корпите кои се очекува да обезбедат чиста средина во училиштата.

## ООЦК Кичево - „Свежо утро со волонтерите на Црвен крст"

Целта на оваа група млади беше да соберат дел од средствата за лекување на 5 годишното дете кој боледува од леукемија. За таа цел, младинците продавале лимонада и кафе на штандови во градот. Исто така, реиздале книга која претходната година била издадена од нивна другарка и ја продавале. Собраните средства се предадени на семејството.

## ООЦК Кичево - „Од срце за срце"

Собирање на финасиски средства и купување на машина за перење за шестчлено семејство била целта на младинците која успешно ја реализирале преку продажба на декорирани медени срца и продажба на каранфили изработени од младинците за 8 март.

## ООЦК Кичево - „ Борба за победа"

Финансиска помош за петгодишното дете од Кичево заболено од леукемија кое живее со невработени родители од кои со татко со скоро целосно слепило

била целта на овој проект. Младинците организирале ракометен регионален турнир на женски и машки екипи, преку кој собрале и предале 5.000 денари.

## ООЦК Кочани - „Учењето посветла иднина за нас и за светот”

Цел на овој проект беше да се обезбедат финансиски средства за обезбедување на материјали за дополнителните часови на социјално загрозените деца од ОУ „Никола Карев“ кои ги користат за училиште. Младинците реализираат 9 работилници со децата преку кои им помагнале во нивните училишни задачи по математика, македонски и англиски јазик. За да ги обезбедат потребните материјали за децата организирана била продажба на пуканки во нивното училиште.

## ООЦК Кочани - „Поврзуваме генерации”

Младинците од Кочани си поставија за цел да и помогнат на една стара бабичка која има детска парализа, да и направаат патека за да може да излегува од дома со количка. Таа живее сама и тешко функционира. Младите реализирале низа активности, собирни акции, продажба на пуканки, билијард турнир, хип-хоп настан за да соберат доволно средства (13.300 ден.) за помош на бабата. Младите ја бојадисаа просторијата каде живее, поставиле ламинат во собата, купиле нови бирии за ќумбе и направиле патека пред домот.

## ООЦК Кочани - „Насмевките и созлите радосници”

Младинците успеале да ја остварат целта за набавка на материјали за уредување на купатилото на 7 члено социјално загрозено семејство од ромска припадност преку правење и продажба на мафини, донации од фирми, хум. натпревар во фудбал. Со собраните 13.320 ден и добиените донации обезбедиле материјали за купатилото, казанче, цевки за водоинсталација, умивалник, плочки, чешма, закачалка, кадичка и кутија за сапун.

## ООЦК Кочани - „ Добрината може да помести планини”

Целта на овој проект беше да се обезбедат врати, прозори, мебел, садопер, чешма, покуќнина, храна, училишен прибор и облека за да се помогне на 5 членото ромско семејство кои живеат во многу скромни услови. Младинците ја реализирале целта преку бројни активности и донации.

## ООЦК Кочани - „Треба раце за да изградиш куќа, но треба само срце да направиш дом”

Младинците изработувале и продавале креативни бонбони и организирале кошаркарски натпревар со цел да му се помогне на осум члено семејство. Со обезбедените финансиски средства и донации успеале да набават материјали за бетонирање на подот на малата соба, обелување на ѕидовите, пакет од пре-

хранбени продукти кои им го донирале во пресрет на велигденските празници, машина за перење и шпорет на дрва.

### ООЦК Крива Паланка - „Патот на животот"

Целта на овој проект беше обезбедување на електричен шпорет и електричен бокал за вода за пет членото семејство кое живее во многу скромни услови. За да ја остварат целта, младинците изработувале и продавале цртежи и честитки.

### ООЦК Крива Паланка - „За подобро утре"

Целта на проектот беше материјална помош за едно сиромашно четиричлено семејство (две малолетни и две полнолетни деца), чијашто мајка ги напуштила, а татко е во психијатриска болница. Средства за реализирање на целта се собрани преку изработување/продавање на честитки и организирање на натпревари во шах и домино за постари лица, при што успеале да обезбедат храна, облека, средства за хигиена и платиле 4 сметки за електрична енергија.

### ООЦК Ранковце - „Сонце во 5 света"

Целта на овој проект беше помош на едно загрозено семејство. Младинците преку хуманитарни акции обезбедиле 11.600 денари со кои набавиле машина за перење, PVC прозорец, сушара и тепих, кои биле најнеопходни за семејството.

### ООЦК Куманово - „Fëmijët janë ardhmëria jonë" „Децата се нашата иднина"

Целта на овој проект беше да се обнови фасадата на училиштето „Бајрам Шабани" од страна на младинците. Материјалите ги обезбедило училиштето, а младинците ја реализирале целта.

### ООЦК Куманово - „ Një lotë më pak" - „ Една солза помалку "

Целта на овој проект беше материјална помош на петчлено семејство на кое неодамна им изгорела куќата. Младинците организирале хуманитарен концерт и хуманитарна акција и со собраните 7.000 денари купиле греач за вода и правосмукалка, додека пак преку донација обезбедиле храна и облека за семејството.

### ООЦК Куманово - „Flitni hapur kundër urrejtjes"- „Зборувајте отворено против говорот на омраза"

Целта на овој проект беше подигање на свеста кај младите за стопирањето на говорот на омраза. За таа цел оддржани се работилници со ПХВ содржини на тема "Зборувајте отворено против говорот на омразата" во сите училишта во Куманово на кои присуствувале 300 ученици од сите националности.

## ООЦК Куманово - „Со спорт против зависноста кај младите"

Целта на овој проект беше намалување и спречување на младите да конзумираат наркотични средства како и подигање на свеста за спорт и спортска рекреација. За да ја остварат оваа цел, учесниците од овој проект организирале хуманитарен натпревар во кошарка помеѓу младите во својот град. Од собраните средства од реализацијата на натпреварот тие набавуваат и поставуваат табли и обрачи за кошарка на едно игралиште во својот град.

## ООЦК Куманово - „Психосоцијална помош и показни вежби по прва помош за ранливо население во рурална средина"

Во рамки на овој проект, младинциите реализирале обуки и показни вежби за прва помош за 50 лица во две рурални средини (Драгоманце и Бајловце) во Општина Куманово, со цел превентивна можност за интервенција, до доаѓање на медицинска екипа. Младинците донирале и облека од ООЦК Куманово.

## ООЦК Куманово - „За подобро мултикултурно"

Учесниците во овој проект имале за цел да организираат спортски настан во кој биле вклучени млади од македонска и албанска националност, за да се придонесе кон повеќе дружење и комуникација помеѓу младите од различни националности. Младите организираат натпревари во повеќе атлетски дисциплини, индивидуални и тимски натпревари (играње фудбал 5+1). Учество земаат 40 млади од Црвен крст и здруженијата „Центар за интеркултурен дијалог", „Мултикулти" и „Разбуди се". На крајот за најдобрите биле доделени благодарници и маички.

## ООЦК Неготино - „Бесрамна насмевка"

Преку организирање на штанд за продавање на цвеќе за 8 март, продавање на сок за време на концеротот на Ф.А „Ацо Ѓорѓев" и планинарски акции, младинците успеале да соберат средства за да се санираат забите на нивен соученик и комплетно да ја уредат неговата соба. Доктор Вероника доброволно ја извршила санација на забите, додека младинците организирале уредување на собата за нивниот соученик.

## ООЦК Неготино - „Сите зрачиме со иста насмевка"

Целта на овој проект беше анимирање на девојче со Даунов синдром и алармирање на потребата од пристап за лица со инвалидитет во институциите. Младинците поминале време со девојчето во игри и во часови по модерен танц и гимнастика. Општината била информирана за потребата од рампи за инвалидизирани лица во дел од локалните институции.

### ООЦК Неготино - „И јас заслужувам да имам топол дом"

Целта на проектот беше да се обезбеди финансиски средства за уредување на соба во куќата на вујкото на едно девојче кое живее со својата баба и дедо во трошна куќа. Младинците со желба да не биде одземено девојчето во Дом за деца без родителска грижа, решиле преку собирни акции и донации да ја уредат собата и да ја опремат со мебел, тепих, перде, алишта за сите членови од семејството, прибор за јадење и компјутер.

### ООЦК Охрид - „Искра"

Целта на проектот "Искра" беше уредување на напуштената површина на дворното место на ОСУ „Св. Климент Охридски" во Охрид и будење на еколошката свест кај граѓаните. Младинците спроведуваат акција за собирање на пластични шишиња, работни акции за чистење на дворот, продажба на пораки со убави мисли и стикери и еко работилници. Собрале вкупно 10.106 денари, 210 кг шишиња и истите се рециклирани, офарбана е оградата на училиштето, обезбедени се штици за 12 клупи, израмнето е земјиштето, инцирано е поставување на бекатон плочки, 60 садници и канта за отпадоци.

### ООЦК Охрид - „Екскурзија"

Целта на овој проект беше да им се овозможи на две деца од едно социјално загрозено семејство да бидат дел од екскурзијата од училиштето. Младинците успеале да ја платат партиципацијата за екскурзијата, да купат ранчиња и да ги социјализираат децата со учесниците на екскурзијата. Средствата се собрани преку организирање на велосипедска трка, продавање вицотеки, креативна работилница за честитки за 8 март.

### ООЦК Охрид - „Снегулка"

Целта на овој проект беше да се обезбеди фрижидер за семејство на самохрана мајка со три малолетни деца. Преку продажба на медени срца, велигденски изработки, стикери и донација од неколку компании, младинците успеале да соберат 15.920 денари со кои се обезбедени фрижидер и прехранбени производи.

### ООЦК Охрид - „Преродба"

Целта на овој проект беше финансиска помош на 28 годишна девојка од с. Лескоец која боледува од ретка болест и е потрбен медицински третман во Нови Сад. За да и помогнат, младинците организирале Слав забава во Охрид, како и проекција на филм во едно ОУ. Од спроведените активности тие собрале 34.421 ден., доволно средства за медицинскиот третман во Нови Сад, за 5 неделна физиотерапија како и за пижами, тренерки и маици за девојката.

## ООЦК Охрид - „Витраж”

Младите од овој проект имаа за цел да направат едно интеркултурно здружување на нивните врсници од 6 различни охридски училишта. Тие реализирaат 3 едукативни работилници на тема „Препознавање на различности и меѓусебно прифаќање“ со 32 ученици од различна етничка припадност. Покрај тоа организирале заеднички пикник и на крајот изготвиле видео од заедничкото дружење.

## ООЦК Охрид - „Светлина”

Целта на проектот беше да се обезбедат финансиски средства за операција на очи на еден младинец на возраст од 15 години од Охрид. Младинците преку активности успеале да соберат 75.415 денари, средства доволни за операцијата. Беа организирани низа активности, како мултикултурен Велигденски фестивал и караоке забава, младинците беа дел и од неколку концерти на наши познати естрадни ѕвезди. Проектот бил многу добро промовиран во локалните медиуми.

## ООЦК Прилеп - „Безбедно однесување во сообраќајот”

Целта на овој проект беше едуцирање на младите, зголемување на свеста кај младите учесници во сообраќајот како и исцртување на паркинг простор пред училиштето. Организиран бил натпревар во вашето возење и обезбедени се бои за одбележување на полигонот и паркинг просторот.

## ООЦК Прилеп - „Со мали нешта до исполнети срца”

Целта на проектот беше да се обезбедат финански средства за двомесечната и последна терапија на А.П. кој имал тешка сообраќајна несреќа. За да ги соберат потребните средства (вкупно се собрани 2.500 ден) младинците организирале работилница за изработка и продажба на мартинки низ училиштата. Младинците успеале да помогнат и на бабата С. која живеела во лоши услови. Со нивна интервенција, бабата е сместена во дом за стари лица.

## ООЦК Прилеп - „Надеж за посветла идина”

Обезбедување на потребен материјал за санирање и ставање во ф-ја на тоалет и бојадисување на една соба од семејната куќа на едно семејството беше целта на овој проект. Младинците ја оствариле целта преку органзирање на продажба на книга од соученичка, продажба на колачи и натпревар во кршење јајца.

## ООЦК Прилеп - „Силно светнал ден”

Целта на проектот беше обезбедување на финансиски средства за плаќање на долгот за струја за едно семејство чија куќа била неодмна опожарена. Младинците организирале 3 креативни работилници, десет дневна собирна акција за пластични шишиња, хуманитарен концерт и продажен штанд. Со собраните 15.667 денари бил подмирен долгот и струјата била вклучена.

### ООЦК Прилеп - „Со насмевка за поубаво утре"

Целта на младите беше да обезбедат средства за да го помогнат лекувањето на А.Д во Турција кој боледува од тумор на карлица, а живее со неговата мајка. Собирале средства од продажба на карти за театарска претстава реализирана од страна на драмската секција од СОУ Ѓорче Петров –Прилеп. Собраните средства- 17.500 ден., се уплатени на сметката на неговата мајка.

### ООЦК Прилеп - „Подари насмевка, подари живот"

Целта на проектот беше обезбедување на финансиски средства за постоперативен третман на 15 годишно девојче кое боледува од леукемија. За таа цел младинците организирале продавање на марами по повод 8 март и куклена претстава за децата. Од сите овие активности собрани се вкупно 21.251 денар и истите се уплатени на сметка на семејството.

### ООЦК Прилеп - „Ем пролет, ем среќа"

Целта на овој проект беше помош на седумчлено сиромашно семејство преку реновирање на делови од нивната куќа. Младинците организирале натпревар по готвење и декорирање, продавање на слатки, подготовка и продавање на честитки и украси за Велигден. Со собраните средства (8.650 ден и донации во вредност од 9.000 ден) бил обезбеден ламинат, столица за биро, биро, теписи, правосмукалка, средства за хигиена и топки за играње за децата.

### ООЦК Радовиш - „Биди причина за нечија среќа "

Целта на овој проект е да се реализираат десет посети во Дневниот центар „Порака".Младинците ги организирале овие посети, преку кои се дружеле со штитениците на центарот, се запознавале, играле игри, реализирале заеднички излет, учеле прва помош, зборувале за пролетта и екологија, како и спортски вежби.

### ООЦК Радовиш - „И најмалата помош е помош"

Целта на овој проект е да се помогне едно семејство кое е во тешка материјална состојба преку плаќање на дел од долгот за вода. За да им помогнат, младинците организираат голема хуманитарна претстава во соработка со студентите од Драмскиот театар во Скопје и собираат 18.000 ден. Со собраните средства од претставата младинците покриваат 2/3 од заостанатиот долг за вода на семејството.

### ООЦК Радовиш - „Плочка по плочка-Купатило"

Целта на овој проект е да се помогне едно 6 члено семејство од с. Бучим кое нема тоалет и купатило. За да ја остварат својата цел, младинците прават ак-

ција за донација од локалните фирми, собирна акција во училиштето, концерт со музичко балетска програма и куклени претставиi. Со собраните средства од 33.457 ден, младинците набавуваат и поставуваат плочки во купатилото, санитарија (тоалетна шоља, казанче, цевки) туш и 60 л бојлер со што ги подобруваат условите за живот на семејството.

### ООЦК Радовиш - „Кујна за Крстеви "

Целта на овој проект била обезбедување на кујна за седумчлено семејство од с. Ораовица. Младинците организирале собирни акции; хепенинг на кој продавале домашна храна подготвена од мајките на учениците и концерт на фолклорниот ансамбал „Китка". Самите учесници изработувале плакати и карти, промоција на настанот како и уредување на салата. Со собраните 11.025 денари купиле елементи за кујна за 7.500 денари и мала маса од 3.000 денари.

### ООЦК Радовиш - „Подобар поглед кон животот "

Целта на проектот беше да се обезбедат очила на А.И. од с. Подареш. За реализирање на целта спроведена била собирна акција преку која собрани се 4.236 денари и обезбедени се очила и лекови за А.И.

### ООЦК Радовиш - „Еднакви"

Целта на проектот била поголема вклученост на младите од турска националност во соддржините за млади во градот. Младинците реализирале 15 забавно-едукативни работилници со деца од македонска и турска националност и ги вклучуваат како волонтери од турска националност во Клубот на млади при ООЦК Радовиш.

### ООЦК Радовиш - „Хуманитарни походи"

Целта на овој проект беше да се уреди собата на едно семејство кое живее само во една соба. Младинците преку изработка и продажба на честитки, собирни акции, хуманитарен хепенинг купиле материјали, ја измачкале и уредиле другата соба во која денес удобно живее еден дел од фамилијата.

### ООЦК Радовиш - „Прва помош"

Целта на проектот беше организирање на 9 работилници по прва помош за 135 учениците од деветто одделение во двете основни училишта во Радовиш поради запознавање на учениците со првата помош и нејзината важност во секојдневниот живот.

### ООЦК Ресен - „Да и направиме добро на природата, таа ќе ни врати повеќе"

Целта на проектот беше да се зачувува природата преку разубавување и чистење на училишниот двор. Младинците покренале иницијатива за чистење на дворот, фарбање на кантите за одпадоци со еколошка боја, прицврстување на дрвјата, засадување на цвеќиња и зимзелени садници, средување на оградата и внатрешноста на училиштето (чистење, средување на паноата, пишување на пароли за зачувување на природата и др.)

### ООЦК Ресен - „Добрите работи сакаат време, а прекрасните се случуваат еднаш"

Целта на проектот беше да се обезбедат финансиски средства за да се плати екскурзијата за деветоодделенецот К., како и да се обезбеди облека за петоодделенецот М. За таа цел младинците организираат хуманитарна забава и успеваат да соберат доволно финансиски средства за екскурзијата и за новата облека.

### ООЦК Ресен - „Сите сме еднакви под едно небо"

Целта на проектот беше надминување на стереотипите и предрасудите кон лицата со посебни потреби од Дневниот центар во Ресен. Младинците одлучиле да организираат заеднички активности (работилница за изработка на честитки) како начин преку кој ќе покажат единство и социјализирање на сите во заедницата во која живеат.

### ООЦК Ресен - „Ако не можеш да нахраниш 100 луѓе, нахрани само еден човек"

Цел на младинците од овој проект била да се обезбедат финансиски средства за купување на храна и средства за хигиена на семејството на самохран родител –татко на три деца од с.Крушје. Младите рганизирале проекција на филм преку кој обезбедуваат 3.200 денари и купуваат храна и хигиенски материјал.

### ООЦК Струга - „Детска радост"

Целта на овој проект беше да се обезбеди материјал за работа, играчки, сликовници и маички за 31 дете од градинката „Пеперутка" во Струга. Младинците ги посетувале децата и имале 3 заеднички креативни работилници за боење јајца и изработка на првоаприлски маски.

### ООЦК Струга - „Елиф"

Целта на проектот беше собирање на финансиски и материјални средства за една самохрана мајка и нејзиното дете кои живеат во соба под наем. Младин-

ците организираат собирни и донаторски акции и обезбедуваат храна, облека, плакар, училишен и кујнски прибор, играчки и ќебиња.

### ООЦК Струга - „Почисто Утре”

Да се обезбеди нова тоалет шолја и бојлер за едно семејство од с.Мислешево, беше целта на младинците, кои организирале хуманитарен базар во СОУ Нико Нестор, хуманитарна забава и собирна акција во „Бамбини шоп“. Со собраните 13.202 ден. успеале да набават шолја, болјер, 5 вреќи облека, 6 ќеси храна и средства за хигиена.

### ООЦК Струга- „Различни, а исти”

Целта на овој проект беше да се истакне креативноста на корисниците од „Порака нова“ и учениците од специјалната паралелка во ООУ „Браќа Миладиновци“. Волонтерите заедно со нив реализирале 10 работилници за рачни изработки. Добиените продукти ги изложиле на хуманитарен базар вреднувајќи го нивниот труд и прикажувајќи ги можностите на децата со попречености.

### ООЦК Струга – „Мала работа-голема промена”

Целта на овој проект е да се помогне на трочлено социјално ранливо семејство од Вевчани, со обезбедување на средства за хигиена, кревет, купување и местење на ламинат од 16м$^2$ за подот во детската соба и купување на три кујнски стола. Младинците ги собрале средствата преку хуманитарни акции и донации.

### ООЦК Струга - „Заедно до поубав град”

Целта на проектот беше да се разубави просторот кај плоштадот во Општина Струга. За таа цел младинците од македонска и албанска националност добиваат идеја да засадат повеќе од 300 цвеќиња на плоштадот и да го разубават ова неатрактивно место со поддршка на ЈП Комунално.

### ООЦК Струга - „Melodi Shpresë” „Мелодија Надеж”

Целта на овој проект е изградба на кровот на 6 члено семејство од село Поум. За таа цел, младинците по консултација со секретарот, решиле да организираат хуманитарна забава преку која биле собрани 78.900 денари со кои биле купени греди и плочки, со кои во нареден период треба да биде поправен кровот на куќата.

### ООЦК Струга - „E ardhmja në duart tuaja ” „Иднината во ваши раце”

Одржувања на семинари и предавање во врска со здравјето на луѓето беше целта на овој проект. Активности за мерење на шеќерот, притисокот и ди-

шењето на лица од 16 до 70 годишна возраст беа организирани во рамки на овој проект. Со тоа се придонесе кон подигнување на јавната свест како и грижа за сопственото здравје како приоритет на секоја индивидуа.

### ООЦК Струга - „Punë të vogla me dashuri të mëdha" „Мали работи со голема љубов"

Целта на проектот било обезбедување на машки и женски чевли за едно семејството. 20 пара чевлите ги добиле како донација од продавницата „Идеал". Покрај чевлите, им била донирана и облека.

### ООЦК Струга „Jemi të bashkuar si ngjyrat e ylberit" „Заедно сме како боите на виножитото"

Младинците организирале културолошки настан за кој имале подготвени ора, песни, рецитирање и театарска претстава со цел да ја поттикнат културата, толеранцијата и соживот на различни етнички групи во Струга. Целиот настан бил организиран во Тренинг центарот во Струга-Солферино.

### ООЦК Струмица - „Со честитка да предизвикаме насмевка на нечие лице"

Во рамките на овој проект помогнати се две семејства, едно до Штип, а второто од Струмица. На првото семејство им се обезбедени машина за перење, фрижидер, тостер, ормар, биро и некој друг ситен инвентар и храна, а на другото семејство се обезбедни парични средства потребни за операција на мајката. Биле изработени честитки по повод празникот на жената кои се продавани во најголемите комапнии, но имало и поголема донација од самите фирми. Беа собрани околку 100.000 денари.

### ООЦК Струмица - „Multisound"

Целта на проектот беше да се подобрат условите за живот на две социјално загрозени семејства од Струмица. За таа цел, младинците организираат мултиетнички хуманитарен концерт во кој учество земаат лица од турска и македонска националност. Со собраните финансиски средства купуваат душек, перници, постелнити, јоргани, храна и фрижидер и истите ги доставуваат до избраното македонско и турско семејство.

### ООЦК Струмица - „Сите сме различни но заедно сме посилни"

Помош и социјализација на петчлено социјално загрозено семејство со невработени двајца родители, без финансиски примања и создавање на чувство за сигурност во село Сушица била целта на овој проект. Младинците преку активности обезбедиле телевизор и пакет со средства за хигиена.

## ООЦК Струмица - „Спортски детски игри”

Целта на овој проект беше материјална помош на едно семејство од с. Василево. За да ја остварат целта, младинците организирале спортски детски игри преку кои успеале да соберат 14 500 денари со кои набавиле шпорет и правосмукалка како и пакети со храна, хигиена и облека.

## ООЦК Струмица - „Со ружи и мартинки до многу насмевки”

Целта на учесниците од овој проект беше обезбедување на финансиски средства за апарати за домаќинство за едно семејството. Тие изработувале и продавале мартинки заедно со децата од ромската националност, изработувале и продавале ружи од салфетки како и велгденски украси. Вкупно собрале 20.159 денари и обезбедиле машина за перење на облека, фен за коса, душек, пегла за облека, тостер, правосмукалка и пелени.

## ООЦК Штип - „Насмевки”

Целта на овој проект беше да се помогне петчлено семејство со донирање на шпорет и набавка на училишен прибор, храна, облека, обувки. Успешно е остварена целта со организирање на собирна и донаторска акција.

## ООЦК Штип - „Радост”

Целта на овој проект била да се направи купатило за еден самохран татко и неговите 4 деца. Младинците организираат работилница за изработка и продажба на велигденски јајца и собирни акции преку кои собираат доволно средства за материјали за купатилото.

## ООЦК Штип - „Во потрага по изгубените детски насмевки”

Целта на овој проект беше анимирање на корисниците од Дневниот центар за лица со попреченост „Искра” во Штип. За таа цел, младинците направиле три работилници за велигденско украсување на јајца, украсување на бардачиња и меѓусебно подарување на украсите како и реализирање на фудбалски натпревар.

## ООЦК на Град Скопје - „Еко училиште”

Целта на проектот беше подигање на еколошката свест во училиштето „Климент Охридски“ и поставување на канти за отпадоци. Младинците добиле моливи како донација и истите ги продавале. Организирале и спортски натпревари и креативни работилници со што обезбедиле средства за две канти за отпадоци и издејствувале донација за уште две канти.

## ООЦК на Град Скопје - „Сонце во врнежливи денови"

Целта на овој проект беше да се помогне на четиричлено социјално загрозено семејство, односно да им озвоможат на две деца да бидат дел од екскурзија организирана од училиштето. Младинците успеале да ја платат екскурзијата, да купат ранчиња и да се дружат со децата.

## ООЦК на Град Скопје - „Нов почеток"

Целта на овој проект е поддршка на активностите на Дневниот центар за лица со церебрална парализа преку донирање на лаптоп и принтер. За да ја остварат оваа цел, младинците организираат продажба на кафе на Средно Водно и една креативна работилница со штитениците на Центарот за изработка на цветови од хартија и присуствуваат на уште неколку активности организирани од нивна страна. Со собраните средства набавуваат лап топ и принтер кои ги донираат во центарот.

## ООЦК на Град Скопје- „Хармонична мултикултура"

Целта на овој проект беше промовирање на културите на различните етнички групи во нашето општество преку реализирање на мултиетнички концерт, работилници и продажни акции, а со собраните средства дале поддршка за проектите за Дневниот центар за церебрална парализа и за шестчлено социјално загрозено семејство.

## ООЦК Гази Баба - „Убавината е во различностите"

Младинци од различни етникуми преку видео сакале да прикажат позитивен и заеднички пристап на граѓани во заедницата. Успешно креираното видео било прикачено на You Tube каналот и достапно за целата јавност. Преку ова видео, младинците веруваат дека ќе влијаат на долгорочно прифаќањето на различностите кај граѓаните.

## ООЦК Гази Баба - „Другарство без маски"

Целта на овој проект беше изработка на youtube видео „Другарство без маски" со цел испраќање на порака до секој млад човек да биде свој и со позитивни човекови вредности, дека не треба другите да ги отфрламе, дека секој има свои вредности и дека секој вреди на свој начин.

## ООЦК Гази Баба - „Немој да молчиш"

И ова група на младинци направи истражување за врсничко насилство во училиштата. Снимија видео материјал кој беше поставен на официјалниот канал на Општинската организација. Истиот е промовиран од страна на младинците пред нивните соученици, родители и е прегледан повеќе од 350 пати.

**ООЦК Гази Баба - „Каде што има чад, има и екологист"**

Целта на проектот беше да се влијае врз свеста на луѓето за да ги заменат автомобилите со велосипедите и на тој начин да се намали загадувањето. Направено е истражување за загадување од страна на групата и изработено е едукативно видео за загадувањето односно како да се превенира и какао да се помогне. Истото е поставено на официјална страна на Општинската организација и истото има преку 500 прегледи.

**ООЦК Карпош „Edhe une si nxënës mund të ndihmoj" „ И јас како ученик можам да помогнам"**

Целта на овој проект беше обезбедување на облека, играчки, чаршафи, школски прибор, храна, хигиенски производи на едно 6 члено семсјтво кое е социјално загрозено, а кое си ги кажа потребите за време на проценката од страна на едната група. Голема поддршка за реализација на проектот беше дадена од страна на Општинската организиција на Црвен крст.

**ООЦК Карпош – „ Да ја испратиме единствената во САД"**

Целта на овој проект беше да се соберат средства за Х.М, потребни за да отпатува на лекување во САД, поради боледување од ретка болест. Останатите средства биле веќе обезбедени, но на семејството му недостигало уште 25.000 денари. Средствата се собрани преку хуманитарни акции, забава во Домот на културата во Ѓорче Петров, за што добиле донација од Тинекс, организирале и хуманитарен базар во паркот во општина Ѓорче Петров. Собрани се 23.719 денари и предадени се на семјството.

**ООЦК Карпош - „Сите заслужуваме добро образование"**

Целта на овој проект беше поддршка за продолжување со студиите за студент, кој живее со својата самохрана мајка. Младинците организирале работилници, спортски и културни натпревари со цел да соберат средства за запишување на семестар, како студентот би ги продолжил непречно студиите.

**ООЦК Карпош - „Полуматурска прослава"**

Со цел да и овозможат на една полуматуранка да биде дел од завршната забава, младинците организирале штанд со напиток и колачи и собирни акции. Со собраните средства, по избор на девојката, купени се фустан, обувки и ташна и издејствувана е донација за фризура, шминка и нокти.

**ООЦК Карпош - „Ndihmoni të varfurve" - „Помогнете на сиромашните"**

Целта на овој проект беше помош на две социјално загрозени семејства. Младинците организирале собирна акција на која собрале 53 кг шеќер, 65 л зејтин,

5 л млеко, 82 пакети макарони, 11 кг грав, 4 кг сирење и кафе и истите се донирани на предходно одбраните семејства.

### ООЦК Карпош - „Помош на оние на кои им е потребна"

Проектот имаше за цел да се помогне на пет члено социјално загроено семејство од Скопје кои живеат во лоши услови. За таа цел, младинците организираат собирна акција преку која успеваат да соберат храна и облека за семејството, а воедно на децата им обезбедуваат играчки, училишен прибор и ранци.

### ООЦК Кисела Вода - „За љубов насекаде"

Целта на проектот беше да се подобрат условите за живот на едно семејството од Припор, со реновирање и чистење на домот, санирање на влагата, дезинфекција на тоалетот, како и медицинска помош на бабата и училишна помош на двете деца. За реализирање на целта, младинците организираат хуманитарен концерт, креативни работилници и акции. Со собраните 50.365 денари трајно се подобрени условите за живеење на семејството и во целост е реализирана поставената цел.

### ООЦК Кисела Вода - „Работиме силно, за да помогнеме милно"

Целта на проектот беше да се помогне на 14 члено социјално загрозено семејство од Припор. За таа цел младиниците организираат изработка и продавање на мартинки, хуманитарен фудбалски натпревар и фоллорен концерт, при што со собраните 30.427 ден. со собраните средства, младинците купуваат шпорет, микровална печка, решо, фен и тостер.

### ООЦК Кисела Вода - „Сцена за млади"

Волонтерите кои го реализираа овој проект сакаа да овозможат подобри услови за живеење на едно социјално загрозено семејство преку собирање финансиски средства. За таа цел, организираат сцена за млади, турнир во баскет и продажби на креативни изработки. Преку овие активности обезбедуваат пакет со храна, пакет со хигиенски средства, ќебиња и престилки за семејството.

### ООЦК Кисела Вода - „Подај рака, спаси живот"

Целта на овој проект беше помош на едно семејство во ризик. За да ја остварат оваа цел, младинците организираат изработка и продажба на мартинки и честитки, а подготвуваат театарска претстава. Со средствата од организираните активности успеаваат да го снабдат семејството со бојлер, облека, храна и хигиенски средства.

## ООЦК Кисела Вода - „Помош од срце за топла насмевка”

Младинците организирале изработка и продажба на мартики, честитки и украси како и проекција на филм со цел да му помогнат и да придонесат за подобар живот на петчлено семејство. Со средствата од организираните активности, за семејството обезбедиле електричен шпорет, машина за перење и храна.

## ООЦК Кисела Вода - „Биди човек - подај рака”

Помош на самохрана мајка со 14 деца од Припор кои немаат елементарни услови за животот, била цел на проектот реализиран од група младинци. Тие организирале изработка и продажба на четитки за 8 март и велигденски хепенинг.

## ООЦК Центар - „Создади свој универзум”

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да го средат домот на едно дете со тумор на двете очи, кое секој месец оди на терапија во Турција. Преку организирање на хуманитарна школска забава и велигденски базар во основно училиште тие успеваат да соберат 32.600 денари, средства доволни за да постават ламинат кај него дома, да ги променат прозорците и вратите, да покријат дел од летот за терапија во Турција и да купат трамболина, за малото тригодишното дете да може да си го живее детството што го заслужува.

## ООЦК Центар - „Преку забава до хумани дела”

Материјална помош за семејство во кое живее дете со аутизам е целта на младиниците ки биле вклучени во овој проект. Тие помошта ја обезбедиле преку креативни работилници, собирна акција, хуманитарна забава и донации. Од собраните 14.520 денари обезбедени се машина за перење, правосмукалка, храна и средства за хигиена.

## ООЦК Центар - „Пружи рака , сподели надеж”

Целта на овој проект беше материјална поддршка на самохрана мајка на три деца. Младинците преку работилница за изработка на правоаприлски маски, собрале доволно средства за 2 пакети храна, 4 ќебиња, пакет хигиенски средства, кревет (дониран) и платени се 4 сметки за струја кои беа заостанати.

## ООЦК Центар — „Поттикни креативност”

Со овој проект младите си поставиле цел да обезбедат средства за лична хигиена и долна облека за 36 штитеници на Центарот за рехабилитација на деца и млади во Топанско поле како и да се обезбедат 10 чаршафи и навлаки за перници за 10 лица кои се сместени во одделот „Мој дом 2“, и да се вклучат штитениците во најмалку три креативни работилници. Средствата ги обезбедиле од собирни акции и ги набавиле сите планирани материјали.

### ООЦК Центар - „Живот на маргините”

Целта на проектот беше да се подобрат условите за живот на четиричлено семејство од населба Маџари. За таа цел, младиниците организираат собирни акции и активност од спортско рекреативен карактер и преку нив успеваат да соберат финансиски средства со кои ја плаќаат ќиријата на семејството за 4 месеци и обезбедуваат храна, облека и пелени за член на фамилијата кој боледува од церебрална парализа.

### ООЦК Центар - „Една грижа помалце за нашите врсници во детска клиника”

Целта на проектот беше да се обезбедат постелнини за Детска клиника во Скопје. Младинците преку караоке забава и продавање на новчаници успеале да соберат средства со кои набавиле 60 постелнини за потребите на болницата.

### ООЦК Центар - „Писменоста како клуч за иднината.”

Целта на проектот беше подобрување на резултатите во училиштето на 15 ромски деца од населбата Стара Топанаа. Проектот беше реализиран во соработка со ромска невладина организација “Романистан”. Беа собрани и финансиски средства за да се обезбедат дидактички материјали. Се реализираа вкупно 11 работилници на кои се работеше со децата на различни теми, бои, форма, букви и бонтон. Во текот на недела беа организирани по две работлници, во вторник и сабота од 12:00 до 14:00 часот.

### ООЦК Центар - „За нашиот соученик Б.”

Целта на проектот беше обезбедување на парични средства за полуматурантот Б. за да учествува во завршната прослава. Со организирање на слаткаријада, пуканкијада, маскенбал како и продажба на новчаници и ненесери, младинците му овозможиле на матурантот нова облека, покривање на трошоците за вечерата на прославата, екскурзијата како и трошоците за сликање за алманах.

### ООЦК Центар - „За Надица и Душица”

Целта на овој проект е помош на две соученички чие семејство е во тешка финансиска состојба и имаат долг за неплатени сметки за топол оброк во училиштето. За да им помогнат, младинците организираат продажба на несесери и новчаници, како и куклена претстава која сами ја креираат и за која сами ги изработуваат куклите и сценографијата. Со собраните средства од 10.635 денари покриени се 3 рати од заостанатиот долг. Покрај ова, младинците донираат и пакети со храна и хигиенски материјали на семејството.

### ООЦК Чаир - „Блесок”

Целта на овој проект беше обезбедување на наставен материјал за 80 деца од Дневниот центар во Шуто Оризари со изработка и продажба на украси и организирање на собирни акции. Со собраните средства, младинците обезбедиле тетратки, ножици, колажи, моливи, боички, листови и слични потребни материјали за настава.

### ООЦК Чаир - „Не сме различни”

Целта на проектот беше социјализација на децата од Заводот и обезбедување на дел од нивните потребни работи. Младинците организирале работилница за изработка на честитки и обука за заштита од пожар. Исто така, обезбедиле облека, храна, пијалоци и средства за лична хигиена.

### ООЦК Чаир - „Heartbeat”

Целта на овој проект беше материјална помош на четиричлено семејство на самохрана мајка од село Моране. Младинците изработувале и продавале украсни хартии преку што собрале 24.459 денари со кои обезбедиле кревет, душек, работна маса, голем плакар и шпорет.

### ООЦК Чаир - „ Shëndeti në vend të parë” „Здравјето на прво место”

Целта на овој проект беше обезбедување на лекови за член на едно семејство на самохран родител. За таа цел, младинците организирале креативни работилници на кои изработувале и продавале украсни хартии. Со собраните 19.677 денари купиле лекови и витамини потребни за наредните 3 месеци.

### ООЦК Чаир „Humanitet me vepra” „Хуманост со дела”

Целта на овој проект беше помош на четиричлено семејство кое живее во скромни услови во Визбегово. Младинците организирале креативни работилници за изработка и продажба на украсни хартии.Успеале да соберат 11.061 денар, со кои купиле пакети со храна и средства за хигиена, пелени и електричен шпорет, а како донација добиле душек, шкаф и плакар.

### ООЦК Чаир - „Сите сме деца, сите сме исти”

Целта на проектот беше помош на неколку деца од социјално загрозени семејства. За да обезбедат средствата, младинците организирале работилица за изработка на мартинки. На крај од проектот, на 16 лица им се поделени пакети со храна и облека, а на едно дете со здравствени проблеми му се уплатени парични средства.

## ПСУ” Јаха Кемал” - „Помош за скромен живот”

Целта на проектот беше да му се помогне на седумчлено семејство кое живее во лоши услови. За таа цел, младинците организираат хуманитарен базар каде продаваат мафини и пуканки и собираат донации. Преку овие активности обезбедуваат душек, шпорет, казанче, кабел, грејач за шпорет и облека за семејството.

## Нова - „Уметноста за едукација”

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за работа во ОУ “Сами Фрашери” во село Шишево. За таа цел, младинците направиле бојадисување на ходниците и канцеларијата, уредување на ѕидовите од санитарните јазли како и реставрирање на старите ормари, а реализирале и едукативни работилници.

## ООЦК Шуто Оризари - „Со една рака две промени”

Реализирање една панел дискусија за информирање на младите за Ромите како дел од општеството во историјата и денес како и информирање на младите за човековите права и културниот дијалог била целта која успешно ја реализирале младинците во рамки на овој проект. Исто така, обезбедиле храна, хигиенски производи и облека за едно петчлено семејство.


redcross.org.mk
.skopje-redcross.org.mk